ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-2797
26.08 2021 год.

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

од одржаното Годишно Собрание на акционери на
Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје
одржано на ден 12.08.2021 година, во хотел Александар Палас
со почеток во 12:00 часот

Врз основа на член 391-б од Законот за трговските друштва, ставови 4, 5 и 6, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори од менаџментот на Друштвото:

**Под точка 1 од I. Работен дел од Дневен ред – Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2020 – 31.12.2020 година и Годишниот извештај за работата на Друштвото за 2020 година**

**Прашања од Александар Станковиќ**

1. Пренесување во сопственост на земјиштето и објектите?

*Постапките за легализација на објектите, како и постапките за приватизација на земјиштето се во тек.*

2. Амортизација на вредноста на земјиштето и објектите согласно извештајот на Ревизорот?

*Амортизацијата на вредноста на земјиштето и објектите се пресметува согласно МСФИ/МСС и тоа: МСС 16, МСС 38, МСС 40 и МСФИ 5 по Правилникот за водење на сметководство и Уредбата за амортизација.*

3. Средства што се надвор од употреба? (мислење со резерва согласно Ревизорскиот извештај)

*Мислењето со резерва согласно Ревизорскиот извештај е во врска со МСФИ 5. По овој основ Акционерското Друштво согласно стандардот треба да добие мислење од овластен проценител за средствата што се надвор од употреба и по основ на тој извештај да спроведе сметководствена евиденција.*

4. Зголемена Добивка на Друштвото – причина за тоа?

*Друштвото оствари зголемена добивка главно по основ на прекинување на оперативните активности во секторот со отпаднаta хартија. Вкупните оперативните расходи беа намалени за 14%, најголемо влијание од:*

- *суровините и материјалите беа за 8% намалени, и покрај зголеменото производство, од причина што цената на основната суровина - хартијата во тековната година се намалуваше;*
- *Намалени дистрибутивни трошоци за 14% согласно намалена продажба во сектор отпадна хартија.*

5. Гаранции дадени спрема трети лица?

*Гаранции спрема трети лица беа издадени кон Пром Гас (стандардно секоја година согласно договор) и ДМБ Продуктион ДООЕЛ (едногодишна) согласно договор.*

6. Прашање во однос на конкуренцијата - Друштво од Струга кое се бави со истата дејност, а со поголем успех од ДС СМИТХ АД Скопје?

*Да коментираме успех на друга компанија која се занимава со иста дејност не би било професионално и не е за споредба затоа што покрај производство и продажба на картонска амбалажа компанијата може да има и приходи од други дејности и активности кои не мора да се примарни а сепак да имаат значително влијание во вкупните приходи ( пример издавање не деловен простор, трговија со други стоки и сл ).*

7. Цената на суровините? Дали таа може да се пренесе на купувачите? –

*Цените на суровините и материјалите се берзански производи. Да, секако се пренесува преку цената на готовиот производ, кој до 01.09.2021, е покачен просечно помеѓу 25 и 30%.*
*Доколку трендот на поскапувања на сите суровини и материјали продолжи, природно е истото да се пренесе и на купувачите преку цена на готовиот производ.*

8. Дали ќе продолжи трендот на зголемена добивка/продажба?

*Секако, една од основните цели на Компанијата е да се шири и развива што е невозможно без зголемување на продажбата и уделот на пазарот но секако по цени кои ќе овозможат покривање на трошоците и остварување на соодветна добивка.*

9. Зголемен обем на производство 30-40%?

*Одговор веќе даден, согласно плановите на компанијата за зголемување на продажбата и уделот на пазарите каде продаваме, нормално е да истото биде поткрепено и со зголемено производство согласно можностите на фабриката и потребите на купувачите.*

10. Стара хартија?

*Во тековната година по првиот квартал прекинаа сите оперативни активности со отпадната хартија.*

**Прашања од Велибор Алојз**

11. Како Друштвото се стекнало со 670 акции и дали продажбата одела преку берза?

*Во 2001 година при преносот на акционерската книга во Централниот Депозитар, акциите на лугето кои во тој момент биле починати, неидентификувани поради погрешен или нецелосен матичен број , акциите со вкупен број 670 се запишани на име на Друштвото се до идентификација на сопствениците на тие акции. Значи друштвото нема стекнато сопствени акции, а за ова секој акционер може да побара потврда од Централниот Депозитар за Хартии од Вредност на РСМ.*

**Прашања од Благоја Сотировски**

12. Вредност на стари објекти на ДС Смитх и нивна состојба?

*Нето вредноста на градежните објекти е 133.878 илјади денари и вложувањето во градежни објекти за наем нето вредност 36.082 илјади денари.*

**Под точка 3 од I. Работен дел од Дневен ред –**
**Одлучување за распоредување на добивката на Друштвото**

**Прашања од Велибор Алојз**

13. Акумулирана загуба? Кога ќе се покрие? И кога Друштвото ќе почне да дели дивиденда?

*По завршување на 2020 година и покривање на акумулираната загуба со добивката од 2020 година ќе изнесува 87.726 илјади денари.*

*Примарна цел на Друштвото е да остварува позитивен финансиски резултат. Предвидување кога целосно ќе покрие акумулираната загуба, не може да дадеме согласно економските опкружувања, бидејќи работиме со суровини и материјали на кои цената се диктира на светски берзи.*
*Согласно одредбите од Законот за трговско друштво ќе се отпочне со делење на дивиденда.*

**Прашања од Александар Станковиќ**

14.Зошто Друштвото има на сметка околку 2.000.000 ЕУР готови пари?

*По контролата на Друштвото од страна на УЈП по основ на Данок за додадена вредност и реализиран поврат, односно наплата на побарувањето за повеќе платен данок, како и планирањето и раководењето на Паричните текови Друштвото на сметка има гореспоменатата готовина.*

**Изработено на ден 26.08.2021 година од Управен одбор**

**Олгица Блажева, Претседател на Управен одбор**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ ДООЕЛ Скопје

---------------------------

**Дарко Калчев, Член на Управен одбор**

---------------------------